Врз основа на член 8 и член 18 став 1 алинеја 12 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги („Службен весник на Република Македонија“ бр.184/13, 13/14, 44/14, 101/14, 132/14, 142/16, 132/17, 168/18, 248/18 и 27/19 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.42/20, 77/21, 154/23, 55/24 и 193/24), а во врска со член 20 став 1 алинеја 10 од истиот Закон и член 16 став 1 од Деловникот за работа на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги (Пречистен текст) бр.01-3732/1 од 2[illegible].07.2019 година, согласно Заклучокот бр.02-365/2 од 30.01.2025 година, Советот на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги на 3-та седница одржана на 29.01.2025 година ја донесе следната:

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
REPUBLIKA E MAQEDONISË SE VERIUT
АГЕНЦИЈА ЗА АУДИО И АУДИОВИЗУЕЛНИ МЕДИУМСКИ УСЛУГИ
AGJENCIA PER SHERBIME MEDIATIKE AUDIO DHE AUDIOVIZUELE
Број: / Numer: 05-468/1
31.01.2025 година / viti
СКОПЈЕ - SHKUP

# ОДЛУКА

1. Се одобрува ребаланс на Финансискиот план на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги за 2025 година, бр.05-5307/1 од 26.12.2024 година.

Вкупно планираните расходи според Финансискиот план на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги за 2025 година остануваат на претходно утврденото ниво, односно изнесуваат 199.729.722,00 денари.

2. Со ребалансот од точка (1) на оваа Одлука се обезбедуваат финансиски средства во вкупен износ од 4.150.000,00 денари, наменети за:

➢ исплата на месечен надоместок за членовите на Советот на Агенцијата за месеците: јануари, февруари и март 2025 година во износ од 3.150.000,00 денари и

➢ доделување на финансиска помош – Донација за Здружение за поддршка на палијативни пациенти и нивните семејства Палиум Скопје во износ од 1.000.000,00 денари, по повод поднесено Барање бр.05-205/1 од 14.01.2025 година, со кое бараат донација од Агенцијата за Проект на енергетска ефикасност за ЈЗУ СБГПМ 13 Ноември Скопје.

3. Обезбедувањето на финансиските средства од точка (2) на оваа Одлука се изврши со измена на следните позиции:

- Групната ставка **460 – Вкалкулирани плати** се намали за 4.150.000,00 денари и истата наместо досегашниот износ од 107.396.722,00 денари, изнесува 103.246.722,00 денари;
- Позицијата **460000 – Нето плати и надомести на плати** се намали за 2.705.423,00 денари и истата наместо досегашниот износ од 70.184.035,00 денари, изнесува 67.478.612,00 денари;
- Позицијата **460200 – Персонален данок на плати и надомест на плати** се намали за 282.576,00 денари и истата наместо досегашниот износ од 7.141.605,00 денари, изнесува 6.859.029,00 денари;
- Позицијата **460300 – Придонес за пензиско и инвалидско осигурување** се намали за 780.201,00 денари и истата наместо досегашниот износ од 20.190.584,00 денари, изнесува 19.410.383,00 денари;
- Позицијата **460310 – Придонес за вработување** се намали за 49.803,00 денари и истата наместо досегашниот износ од 1.288.761,00 денар, изнесува 1.238.958,00 денари;
- Позицијата **460320 – Придонес за здравствено осигурување** се намали за 311.253,00 денари и истата наместо досегашниот износ од 8.054.754,00 денари, изнесува 7.743.501,00 денари и
- Позицијата **460330 – Придонес за професионално заболување** се намали за 20.744,00 денари и истата наместо досегашниот износ од 536.983,00 денари, изнесува 516.239,00 денари.

- Групната ставка **414 – Надоместоци на трошоци на работници и граѓани** се зголеми за 3.150.000,00 денари и истата наместо досегашниот износ од 5.645.000,00 денари, изнесува 8.795.000,00 денари и
- Се воведе Позиција **414901 – Други надоместоци – членови на Совет на Агенцијата** и истата изнесува 3.150.000,00 денари. Овие средства се наменети за месечен надоместок за членовите на Советот на Агенцијата за месеците: јануари, февруари и март 2025 година.

- Се воведе Групна ставка **450 – Помошти, донации и други давања на субјекти** и истата изнесува 1.000.000,00 денари и
- Се воведе Позиција **450100 – Помошти, донации и други давања на субјекти** и истата изнесува 1.000.000,00 денари. Овие средства се наменети за Здружението за поддршка на палијативни пациенти и нивните семејства Палиум Скопје за да им се овозможат средства за реализација на Проект на енергетска ефикасност за ЈЗУ СБГПМ 13 Ноември Скопје.

4. Оваа Одлука влегува во сила веднаш.

**О б р а з л о ж е н и е**

Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги потребно е да изврши ребаланс на Финансискиот план на Агенцијата за 2025 година, со цел да се обезбедат средства наменети за исплата на месечен надоместок за членовите на Советот на Агенцијата за месеците: јануари, февруари и март 2025 година, во износ од 3.150.000,00 денари и за доделување на финансиска помош – Донација за Здружение за поддршка на палијативни пациенти и нивните семејства Палиум Скопје во износ од 1.000.000,00 денари, по повод поднесено Барање бр.05-205/1 од 14.01.2025 година, со кое бараат донација од Агенцијата за Проект на енергетска ефикасност за ЈЗУ СБГПМ 13 Ноември Скопје. За да се обезбедат 4.150.000,00 денари, се изврши измена на следните позиции во усвоениот Финансиски план на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги за 2025 година и тоа: Групната ставка **460 – Вкалкулирани плати** се намали за 4.150.000,00 денари и истата наместо досегашниот износ од 107.396.722,00 денари, изнесува 103.246.722,00 денари. Позицијата **460000 – Нето плати и надомести на плати** се намали за 2.705.423,00 денари и истата наместо досегашниот износ од 70.184.035,00 денари, изнесува 67.478.612,00 денари. Позицијата **460200 – Персонален данок на плати и надомест на плати** се намали за 282.576,00 денари и истата наместо досегашниот износ од 7.141.605,00 денари, изнесува 6.859.029,00 денари. Позицијата **460300 – Придонес за пензиско и инвалидско осигурување** се намали за 780.201,00 денари и истата наместо досегашниот износ од 20.190.584,00 денари, изнесува 19.410.383,00 денари. Позицијата **460310 – Придонес за вработување** се намали за 49.803,00 денари и истата наместо досегашниот износ од 1.288.761,00 денар, изнесува 1.238.958,00 денари. Позицијата **460320 – Придонес за здравствено осигурување** се намали за 311.253,00 денари и истата наместо досегашниот износ од 8.054.754,00 денари, изнесува 7.743.501,00 денари и Позицијата **460330 – Придонес за професионално заболување** се намали за 20.744,00 денари и истата наместо досегашниот износ од 536.983,00 денари, изнесува 516.239,00 денари.

Групната ставка **414 – Надоместоци на трошоци на работници и граѓани** се зголеми за 3.150.000,00 денари и истата наместо досегашниот износ од 5.645.000,00 денари, изнесува 8.795.000,00 денари. Се воведе Позиција **414901 – Други надоместоци – членови на Совет на Агенцијата** и истата изнесува 3.150.000,00 денари. Овие средства се наменети за месечен надоместок за членовите на Советот на Агенцијата за месец јануари, февруари и март 2025 година.

Се воведе Групна ставка **450 – Помошти, донации и други давања на субјекти** и истата изнесува 1.000.000,00 денари и се воведе Позиција **450100 – Помошти, донации и други давања на субјекти** и истата изнесува 1.000.000,00 денари. Овие средства се наменети за Здружението за поддршка на палијативни пациенти и нивните семејства Палиум Скопје за да им се овозможат средства за реализација на Проект на енергетска ефикасност за ЈЗУ СБГПМ 13 Ноември Скопје.

Имено, со предложениот ребаланс на финансискиот план за 2025 година, вкупните планирани расходи според планот остануваат на претходно утврденото ниво, односно истите изнесуваат 199.729.722,00 денари.

Следствено на сето погоре наведено, а врз основа на член 8 и член 18 став 1 алинеја 12 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги („Службен весник на Република Македонија“ бр.184/13, 13/14,

44/14, 101/14, 132/14, 142/16, 132/17, 168/18, 248/18 и 27/19 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.42/20, 77/21, 154/23, 55/24 и 193/24), а во врска со член 20 став 1 алинеја 10 од истиот Закон и член 16 став 1 од Деловникот за работа на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги (Пречистен текст) бр.01-3732/1 од 29.07.2019 година, согласно Заклучокот бр.02-365/2 од 30.01.2025 година, Советот на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги на 3-та седница одржана на 29.01.2025 година, донесе одлука како во диспозитивот.

**Агенција за аудио и**
**аудиовизуелни медиумски услуги,**
**Претседател на Советот,**

**Лазо ПЕТРУШЕВСКИ**

Примерок од Одлуката да се достави до:
- Директорот;
- Секторот за финансии и логистика;
- Секторот за правни работи и јавни набавки и
- Секторот за информатичка поддршка и општи работи-Архива.